**стручен труд**
**УДК: 177.6:005.745(497.7)"2014"(049.32)**

# МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ЗА ЉУБОВТА"

*Здружение за компаративна книжевност на Македонија;*
*Здружение на класични филолози Антика;*
Скопје, Република Македонија, 6.6.2014

Како резултат на дијалогот помеѓу специјалистите од областа на хуманистичките науки и со намера да се збогатат научните сознанија во потесните подрачја на книжевната наука, класичната филологија, културологијата, филозофијата, фолклорот, антропологијата и лингвистиката, на 6.6.2014 година, во Скопје, беше одржана Меѓународната научна конференција, под заедничкиот наслов „За љубовта". Со оваа конференција, во организација на Здружението за компаративна книжевност на Македонија (ЗККМ) и Здружението на класични филолози на Македонија *Антика*, беше продолжена меѓусебната плодна соработка што беше започната во 2007 година со одржувањето на првата Научна работилница *Метаморфози и метатекстови*. Оваа соработка, посветена на преобразбите како стожерни теми од древните митологии и литератури, на која земаа учество шеснаесет истражувачи, беше продолжена со одржувањето на втората научна работилница *Одисеи за Одисеја*, во 2009 година, на која 23 книжевни истражувачи, пред сè од областа на книжевната компаративистика и на класичната филологија, го одбележаа излегувањето од печат на првиот македонски препев на Хомеровата *Одисеја* од Михаил Д. Петрушевски.

Научната соработка помеѓу здруженијата за компаративна книжевност и класична филологија продолжи и во 2012-тата година, со одржувањето на третата по ред Научна работилница, на која учествуваа ист број учесници како и на претходната (23), а која со својот наслов *Сите лица на смешното (од антиката до денес)* беше посветена на хуморот, на комичното и смешното во литературата, во уметноста и културата. Кон оваа интензивна соработка на отворањето на четвртиот собир, во 2014 година, кој, по углед на именувањето на делата од античката литературна традиција, го понесе насловот „За љубовта", се осврна претседателката на Организациониот одбор на конференцијата и актуелен претседател на ЗККМ, проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева. Во своето поздравно обраќање, таа ја нагласи веќе традиционално воспоставената соработка помеѓу двете здруженија, која за првпат се

одржува со меѓународен предзнак и со импозантен број од 51 учесници од Македонија, Хрватска, Бугарија, Србија и Босна и Херцеговина. Токму големиот интерес и амбицијата да се согледува феноменот љубов преку отвореноста и меѓусебната упатеност на човековиот дух, го обликуваа работниот дел од собирот во неколку тематски јадра насловени како: „Човекот и љубовта“, „Митови за љубовта“, „Љубовта како духовна движечка сила“, „Типови љубов“ и „Љубовна семантика“, според следниов редослед:

**Човекот и љубовта**

-Витомир Митевски: *Онтолошката заснованост на љубовта кај Емпедокле, Платон и Аристотел;*

-Виолета Герџикова: *Љубов, секс, телесност и цивилизација: поглед низ стиховите на Катул;*

-Марија Ѓорѓиева Димова: *Книжевните посредувања на/во љубовта;*

-Славица Србиновска: *Дискурсот, телото и љубовта;*

-Димитар Пандев: *Биосемиотика на љубовта (врз примери од современата македонска поезија);*

-Слаѓана Ристиќ Горгиев: *Односот меѓу срцето и умот во филозофијата на христијанството;*

-Јоана Сиракова: *Приказната за Орфеј и Евридика во бугарското женско писмо;*

-Јасмина Мојсиева-Гушева: *Интеркултурно читање на љубовта кај македонските дводомни автори;*

-Ана Стојаноска: *Колку ме боли кога те нема – лицето на љубовта во драмите на Дејан Дуковски;*

-Лана Молварец: *Кибер љубов, како и секоја друга. Противречноста на концептот врз примерот на филмот „HER“ од Спајк Џонс;*

-Сањин Кодриќ: *Културално кодирање на љубовта во поновата бошњачка/босанскохерцеговска книжевност (од традицијата до модерноста);*

-Соња Стојменска-Елзесер: *Љубовта во ликвидни времиња*

-Елизабета Баковска: *„Љубовта ја измислија партизаните“: Феминистичките теории за љубовта прочитани во неколку раскази на македонските писателки;*

-Мерсиха Исмајлоска: *Колку се опасни врските на Шодерло Де Лакло;*

-Александар Мицески: *Карменовата љубовна доктрина;*

**Митови за љубовта**

-Ленка Татаровска: *Библиското создавање на светот – светлосна симфонија на љубовта*

-Маја Јакимовска Тошиќ: *Третманот на женската љубов во средновековната раскажувачка проза;*

-Катерина Петровска-Кузманова: *Еросот и тантосот во обредите со маски;*

-Весна Петреска: *Љубовна магија и брак;*

-Илина Јакимовска: *50 Нијанси мерак: атипични сексуални однесувања во македонските митови и во фолклорот;*

-Ана Мартиноска: *За еротиката во македонскиот фолклор;*

-Светлана Камџијаш: *Во спиралата меѓу Пенија (сиромаштијата) и Порос (изобилието);*

-Ана Кечан: *Сексуалноста и вампирот;*

-Дарин Ангеловски: *Љубовта и соништата во романот „дафнид и хлоја" на Лонг;*

**Љубовта како духовна движечка сила**

-Бранко Горгиев: *Античкиот поим на љубовта и паидеја;*

-Марија Тодоровска: *„AGAPE" и жртвеното дарување – љубовта во религиозното искуство;*

-Јасмина Наумоска: *Љубовта и омразата како космолошки принципи во филозофијата на Емпедокле;*

-Сузана В. Спасовска: *Божествената љубов како животна парадигма (врз примерот на филозофско-поетската размисла на А. С. Ребац) ;*

-Сезен Исмаил: *Мистична димензија на љубовта во романот „Четириесетте правила на љубовта" од Елиф Шафак;*

-Душица Ѓокиќ: *Фридрих Ниче и Лу Саломе: Духовната димензија на њубовта кон судбината (amor fati) – славење на нашето постоење;*

**Типови љубов**

-Анастасија Ѓурчинова: *Типологии на љубовта во „Декамерон" на Џовани Бокачо;*

-Наташа Аврамовска: *Во Арената: Љубовноста и телесноста во светот на Јелинек;*

-Гоце Смилевски: *Љубовта и телесноста во „Шега" од Милан Кундера;*

-Даниела Тошева: *Хеленистичка еротика: Херода;*

-Кристина Димовска: *Религиозната љубов и 'Двоверието' во*

*„Песна за Роланд“;*

-Ивица Баковиќ: *Инвенција на на/настраната љубов или Спиноза и неговите љубовни рамки;*

-Николинка Нолевска: *Помеѓу љубовта и омразата (за договорените бракови низ примери од книжевноста на балканските народи);*

-Драгица Поповска: *Спортот и патриотизмот: врз примерот на македонската кошаркарска репрезентација на европското првенство во 2011;*

-Славица Петровска: *Комплексната љубов на читачот;*

-Андријана Јосифовска: *Реконструирање и магнификација на љубовта низ бестселерите „Писмото на госпоѓа Вилма“ и „Рингишпил“;*

-Искра Донева: *Спектрите на љубовта;*

**Љубовна семантика**

-Елена Џукеска: *Со љубов од копнеж преку љубомора до ласкање;*

-Лидија Тантуровска: *Љубовта во антонимните парови;*

-Марија Чичева Алексиќ: *Христијанскиот аспект на глаголите со кои се изразува љубов;*

-Светлана Кочовска: *Латинска соматска фразеологија: фраземи со компонента pectus во римскиот serto amatorius;*

-Лидија Капушевска Дракулевска: *Романтичарскиот мит за „мртвата сакана“;*

-Владимир Мартиновски: *Љубовта наспроти минливоста (во ренесансната сонетна традиција);*

-Стефан Влахов Мицов: *Патриотизмот на Македонците од Бугарија врз основа на спомени и документи;*

-Славчо Ковилоски: *Љубовта во писмата на македонските револуционери;*

-Василка Пемова: *Есеј од искуство;*

-Линдита Ахмети: *Сензуалниот амор и вулгарната лексика на Катул како револт и како хедонизам;*

Презентираните трудови на овој научен собир понудија конкретни и мошне специфични промислувања на феноменот љубов во широкиот временски дијапазон, од антиката, преку византискиот и средновековниот период, ренесансата и хуманизмот, сè до модерното време. Ваквата хронолошка длабочина, освен што овозможи посеопфатно согледување на специфичните хабитуси и поведенија, обликувани според

можностите и волјата на човекот за хармонија и за совршенство, таа воедно придонесе и за еден квалитативно нов увид во промислувањето на дијалектичката упатеност меѓу низа атрибути што го определуваат човековиот живот какви што се: телесноста, духовноста, сексуалноста, еротизмот, пријателството, семејството или бракот, согледувани според нивните најразновидни манифестации и меѓусебни асоцијации во литературата, во уметноста и културата.

Оттука, она што може посебно да се нагласи е дека теориските разработки на учесниците на собирот според карактеристиката на интердициплинарниот приод, открија места за мислење исполнети со разновидни начини на живеење кои, преку печатеното издание, кое е во подготовка, ќе им бидат достапни и на љубопитниците од пошироката читателска јавност.

**Дарин Ангеловски**